**До: Општина Демир Хисар**
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Барам да ми дадете пристап до информација од јавен карактер колку услуги односно документи издава Општина Демир Хисар за граѓаните и правните лица, да ги наведете таксативно сите услуги односно документи и кои услови и критериуми се потребни за секоја услуга односно документ поединечно.**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

Во Скопје, 14.03.2024 година.

[redacted]

(доколку барањет[redacted]артиена форма)

**Датум:** 21.03.2024

**ДО** [redacted]

ул.„[redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 18-334/1, 15.03.2024 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по баранатаинформација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

-------------------------------------------

Република Северна Македонија Општина Демир Хисар

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Бр. 18-334/2
21.03 2024 год.
ДЕМИР ХИСАР

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], [redacted], поднесено на 15.03.2024 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со услугите кои Општина Демир Хисар им ги овозможува на физичките и правните лица, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер, имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ја доставува информацијата во врска со услугите кои Општина Демир Хисар им ги овозможува на физичките и правните лица

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 15.03.2024 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 15.03.2024 година под архивски број 18-334/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација,

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 21.03.2023 година, под бр. 18-334/2.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од
јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

Република Северна Македонија • Општина Демир Хисар •

**-Информација-**

1. Општина Демир Хисар на својата интернет страница има посебна рубрика „Регистар на услуги“, каде се таксативно наведени сите услуги кои таа ги испорачува до граѓаните и правните лица, потребните документи, дополнителни информации, обрасци и линкови.

   Рубриката е достапна на следниов линк:
   https://demirhisar.gov.mk/registar-na-uslugi/

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

Република Северна Македонија * ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР *

---------------------------------------